**РЕГУЛАТИВА (ЕС) No 1217/2003 од 4 јули 2003 година**

**Заеднички спецификации за националните програми за контролата на квалитетот на воздухопловната безбедност**

Глава I

ЦЕЛИ И ДЕФИНИЦИИ

*Член 1*

**Цели**

Оваа регулатива ги пропишува заедничките спецификации за националната програма за контрола на квалитетот на воздухопловната безбедност која што треба да е имплементирана од страна на секоја Земја членка. Ова вклучува воспоставување на заеднички барања за програмите за контрола на квалитетот, заедничка методологија која што треба да биде применета при audit-ите и заеднички барања за инспекторите.

Член 2

**Дефиниции**

За цели на оваа регулатива ќе се применуваат следниве дефиниции:

1. "надлежен орган" ќе го означува државниот орган кој е назначен од страна на Земјата членка согласно Член 5(2) од Регулативата (ЕС) No 2320/2002 кој ќе биде одговорен за координација и надгледување на имплементацијата на нејзината националната програма за контрола на квалитетот на воздухопловната безбедност
2. "audit: преставува било која процедура или процес за надгледување на усогласеноста спроведен на државно ниво. Ги покрива безбедносните audit-и, инспекции, анализи, тестови и истраги;
3. **"**инспектор**"** преставува секоја личност која ги спроведува аудит-ите на национално ниво;
4. "недостаток" означува неможност да се усогласи со барањата за воздухопловна безбедноснт;
5. "инспекција" преставува проверка на имплементацијата на еден или повеќе аспекти на безбедносните мерки и процедури со цел да се одреди колку ефективно тие се спроведуваат;
6. "истрага" преставува проверка на безбедносните инциденти и објаснување на нивните причини со цел да се избегнат повторни случувања и да се разгледаат правни дејства.
7. "програма за контрола на квалитет" преставува национална програма за контрола на квалитетот на воздухопловната безбедност

8. “безбедносен audit” преставува исцрпно испитување на сите аспекти на безбедносните мерки и процедури со цел да се одреди дали истите се постојано имплементирани и се со постојан стандард;
9. “безбедносен инцидент” преставува настан кој има негативна импликации врз безбедноста и сигурноста на лицата и имотот.
10. “анализа” преставува оценување на операциите со цел да се одредат безбедносните потреби. Ова вклучува идентификација на чувствителните делови кои можат да бидат искористени за изведување на акт на незаконско постапување и покрај имплементацијата на безбедносните мерки и процедури, и препорака на заштитни мерки за обештетување compensatory сразмерни со заканата која во однос на било каков идентификуван ризик.
11. “тест” преставува проба/тестирање/испитување на воздухопловни безбедносни мерки, каде надлежните органи воведуваат или симулираат намера да се изврши незаконски акт за цели испитувањето на ефикасноста и имплементацијата на постоечките безбедносни мерки. ИЛИ прикриена или ненајавена проверка на мерките за воздухопловна безбедност, при што надлежниот орган или врши незаконско дејство или симулира дека има намера да го изврши истато, за да ги испита ефикасноста и спроведувањето на постоечките безбедносни мерки.

Глава II

# ЗАЕДНИЧКИ БАРАЊА ЗА ПРОГРАМИ ЗА КОНТРОЛАТА НА КВАЛИТЕТ

*Член 3*

## Овластувања на надлежните органи

Со цел да обезбеди ефективност на својата национална програма за контрола на квалитетот на воздухопловната безбедност, Земјата членка на надлежните органи ќе им обезбеди соодветни законски овластувања .

*Член 4*

## Содржина на програмата за контрола на квалитетот

1. Програмата за контрола на квалитет треба да ги содржи сите потребни мерки за надгледување на контролата на квалитетот кои редовно се преземаат за да се проценува имплементацијата на национална програма за контрола на квалитетот на воздухопловната безбедност, вклучувајќи ги и начелата на кои истата се базира.
2. Програмата за контрола на квалитет треба да ги вклучува и ќе се однесува на следниве елементи:

   (а) организационите структури, одговорности и извори;
   (б) опис на работни места и квалификации на сите инспектори кои се одговорни за спроведување на програмата за контрола на квалитет;

(ц) оперативни активности за мониторинг, вклучувајќи ги типовите, целта, содржината, зачестеноста и фокусот на безбедносите auditи, инспекции, анализи и тестови како и класификација на усогласеноста и обемот и одговорностите онаму каде што е применливо;

(д) корективни активностите за отстранување на недостатоците обезбедувајќи детали кои се однесуваат на известувањата за недостатокот, потврдувањето и корегирањето со цел да се обезбеди успешно усогласување со барањата воздухопловна безбедносност;

(е) законски овластувања; и

(ф) комуникација и известување за преземените активности и нивото на усогласеноста на воздухопловните безбедносни барања.

*Член 5*

Надгледување на усогласеноста

1. Ќе се надгледува имплентацијата на програмата за државна цивилна воздухоловна безбедност.
2. Надгледувањето ќе се спроведува во согласност со програмата за контрола на квалитетот, земајќи ги во предвид нивото на закана, типот и природата на операциите, стандардот кој се имплементира, и останатите фактори и проценки кои што ќе бараат почесто надгледување.
3. Управувањето, поставувајќи ги приоритетите и организацијата на програмата за контрола на квалитет ќе бидат земени независно од оперативната имплементација на мерките кои што се спроведуваат според националната програма за воздухопловна безбедност.

*Член 6*

Известување

1. Земјата членка еднаш годишно до Комисијата ќе поднесува извештај за преземените мерки кои што се направени со цел да се исполнат нивните обврски според оваа регулатива и за состојбата поврзана со воздухопловната безбедносна на аеродромите кои што се лоцирани на нивна територија. Упатствата за известувањето се дадени во Анекс 1.
2. Периодот за кој што треба да се однесува извештајот ќе биде 1 јануари-31 декември. Извештајот ќе се очекува два месеци по завршувањето на одредениот период. Кога постои исклучок, извештајот ќе се достави до крајот на февруари 2004 за периодот од 19 јули 2003 до 31 декември 2003.

Глава III

## Заедничка методологија за audit-ите

*Член 7*

## Спроведување на audit-ите

Активностите за надгледување на усогласеноста треба да вклучуваат и најавени и ненајавени активности.

*Член 8*

## Класификација на усогласеноста

Безбедносните audit - и , инспекции и тестови ќе ја оценат имплементацијата на националната програма за воздухопловна безбедност користејќи го хармонизираниот класификационен систем за усогласување даден во Анекс 2.

Глава IV

## Заеднички барања за инспекторите

*Член 9*

Расположливост на инспекторите

Секоја Земја членка ќе ги преземе потребните мерки за да се осигура дека доволен број на инспектори се на располагање за спроведување на сите активности во однос на надгледување на усогласеноста.

*Член 10*

## Критериуми за квалификација на инспекторите

1. Секоја Земја членка ќе се погрижи дека инспекторите кои ја извршуваат функцијата во име на надлежните органи имаат соодветни квалификации, кои ќе вклучуваат доволно теоретско и практично искуство во соодветното поле.
2. Инспекторите треба да имаат:
   - (a) добро познавање на националната програма за воздухопловна безбедност и како таа се применува врз операциите кои се испитуваат;
   - (b) каде е тоа соодветно, познавање на зајакнатите мерки кои се применуваат во засегнатата Земјата членка и во локацијата која се испитува;
   - (c) добро работно познавање за безбедносните техники и технологии;
   - (d) познавање на инспекторските принципи, процедури и техники;

(е) работно познавање на операциите кои се испитуваат.

Глава V

## Општи одредби

*Член 11*

## Споделување на најдобрите искуства

Земјите членки ќе ја информираат Комисијата за најдобрите искуства кои што се однесуваат на програмата за контрола на квалитет, инспекторската методологија и за инспекторите. Комисијата ќе ги сподели информациите со Земјите членки.

*Член 12*

Оваа Регулатива ќе стапи на сила на 20 ден од нејзиното објавување во Службениот весник на ЕЦ.

Анекс I

## Начин на известување на Комисијата

Анекс II

## Класификација на усогласеноста

Долунаведената класификација на усогласеноста треба да се применува заради имплементација на националната програма за воздухопловна безбедност

| | Audit | Инспекција | Тест |
|---|---|---|---|
| Во целосна согласност | ✓ | ✓ | ✓ |
| Во согласност, но пожелно е да се подобри | ✓ | ✓ | ✓ |
| Не е е во согласност/само мали недостатоци | ✓ | ✓ | ✓ |
| Не е е во согласност /големи недостатоци | ✓ | ✓ | ✓ |
| Не се применува | ✓ | ✓ | |
| Не е потврдено | ✓ | | |